**From:**
**Sent:** Wednesday, March 11,2020 11:28 AM
**To:**
**Cc:** FW: Predlozi za izmeni i dopolnuvanja na Nacrt-Upatstvoto za PPR za Izbori 2020
**Subject:**

11.03.2020
01 988/2 1

**From:** lazo.petrusevski@avmu.mk <lazo.petrusevski@avmu.mk>
**Sent:** Tuesday, March 10, 2020 12:28 PM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Predlozi za izmeni i dopolnuvanja na Nacrt-Upatstvoto za PPR za Izbori 2020

Почитувани,

Моите предл0зи за измена и дополнување на Нацрт-Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за изборите во 2020 година се :

1. Нацрт-Упатство се однесува на практична примена на членот 75-ѓ став 1 од Изб0рниот законик, но неговата содржина се заснова на Изб0рниот законик во целост, а посебно на други членови од истиот закон како Поимник(член 2), Учесници во изборна кампања (член 70) итн, па затоа предлагам измена во првиот параграф на упатствоТо на страна 1 :

- Зборовите "а во врска со член 75-ѓ став 1 од" да се променат во "согласно со"

2. Поради разјаснување кои субјекти имаат право на платено политичко рекламирање предлагам после точката 1 да се додаде нова точка 2 која ќе гласи :

"2. Право на платено политичко рекламирање имаат подносителите на листите на кандидати за пратеници потврдени од Државната изборна комисија (ДИК) согласно член 70 од Изб0рниот законик."

Соодветно броевите на наредните Т0чки се корегираат на 3,4,5,6 и 7

3. Во точката 3 (по старо точка 2) предлагам воведниот параграф да се смени во :

"Согласно Изб0рниот законик, подносителите на листа на кандидати за избор на пратеници чии што кандидатски листи се потврдени од надлежната изб0рна комисија (ДИК), како учесници во изб0рниот процес, имаат право да организираат изборна кампања, член 70 став 1 од Изборниот законик, и имаат право на рамноправен пристап и еднакви усл0ви за користење на сите видови политичка пропаганда, член 70 став 2 од Изборниот законик. Оттаму, во согласност со распределбата на времето за платено политичко рекламирање утврдена во одредбата, за изборите во 2020 година, за учесниците во изборниот процес, таа ќе се применува на следниов начин:"

Поздрав,

Лазо Петрушевски
Претседател на Советот,
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
моб.075 443 443
тел. 02 3297 397

Regards,

Lazo Petrusevski
President of the Council,
Agency for audio and audiovisual media services
Mobile +389 75 443 443
Phone +389 2 3297 397